РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1876/5
17-10-2024 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1876/1 од 08.07.2024 година, во која се изнесени наводи против менаџерскиот тим на --- ------ --- -------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1876/1 од 08.07.2024 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 08.07.2024 година, поднесена е пријава против менаџерскиот тим на --- ------ --- -------, при што оформен е предмет број 12-1876/1 од 08.07.2024 година.

Во пријавата се изнесени наводи со сомение за злоупотреба на службената положба на менаџерскиот тим на --- ------ --- -------поради незаконско донесено решение за прераспределување на вработен здравствен работник од --- ------ --- ------- во Поликлиниката ---- ---------, која што е во состав на предметната здравствена установа. Во конкретниот случај се работи за повреда на индивидуално право на работен однос на подносителот на пријавата. Во прилог на пријавата доставена е прилог документација а од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно нејзините законски надлежности.

По извршен увид во пријавата и приложената документација, ДКСК го констатира следново:

Од страна на подносителот како здравствен работник вработен во предметната ЈЗУ во врска со донесеното Решение за прераспределување на друго работно место било искористено правото на жалба по кое постапила Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен и истата ја има отфрлено поради неоснованост.
Дополнително подносителот доставил тужба и за истата се одлучувало пред Основниот Граѓански суд кој што има донесено Решение од своја надлежност.

До ДКСК од страна на истиот подносител доставена е дополна со прилог документација заведена под архивски број 12-1876/2 и 12-1876/3 од 08.07.2024 година со која што известува на тоа дека истата пријава е доставена на надлежност пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.
На 15.07.2024 година преку електронската пошта на ДКСК за предметниот случај од страна на истиот подносител доставено е известување 12-1876/4 со прилог на Заклучок донесен од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Имено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при своето надлежно постапување не утврдила факти и околности со кои што е сторена дискриминација на вработената по било кој основ при што оценала дека нема елементи за нејзино надлежно постапување согласно законски надлежности, и со оглед на наведеното доставената претставка ја има отфрлено како неоснована.

По разгледување на предметните наводи и приложената документација, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува. Дополнително за конкретниот случај, по однос на повреденото индивидуално право од работен однос подносителот го има искористено правото на правни лекови односно, се има обратено до органи кои се надлежни да постапуваат од оваа предметна област, а кои постапиле и донеле акти од своја надлежност.
Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р.И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk